Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 декември 2023 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф.д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиевска, министер за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не присуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

*
*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за подготовка на реформска агенда со индикативна листа на приоритети за Планот за раст за земјите од Западен Балкан
- Информација за изработена анализа Преглед на правната рамка и практиките за уредување на процедурите за назначување во РСМ Препораки за иднина, со Прилог
- Информација за потребата од достапност и проактивна соработка со граѓаните и граѓанскиот сектор од страна на органите на државната управа
- Информација за истражување на состојбата со опрема и потребите за решенија поврзани со сајбер безбедност во системите на јавните институции, со Прашалник

1. Известување за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај-ИЗПМ и Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадени препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје (Сметка 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеноста за 2021 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје (Сметка за средства од Програмата за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (Сметка 531))

2. Полугодишен извештај за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2024 година до 30.6.2023 година

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.31/23)

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 03-596/1)
5. Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно

приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија

6. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за статус, тек и за ангажирани експерти/вештаци и сведоци во арбитражната постапка поведена од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко против Република Северна Македонија (ICSID случај бр. ARB/19/9)

7. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2023 година

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

9. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Црна Гора во Република Северна Македонија, со седиште во Тетово

10. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Црна Гора во Република Северна Македонија, со седиште во Тетово

11. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Француската Република, со седиште во Стразбур

12. Предлог-решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Француската Република, со седиште во Стразбур

13. Барање на Јалка Елиас Силккола, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

14. Информација за пренесување на правото на реконструкција, доградба и надградба на објектот Универзална сала во Скопје, со текст на Договор за регулирање на

меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со реконструкција на објектот на Универзална сала во Скопје и прилози

15. Предлог на закон за дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка

16. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година

17. Годишен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година

18. Иницијатива на Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи на Република Македонија од Скопје, преку адвокат Бобан Богдановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.75/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 133 став 1 во дел: „од кои четири члена од редот на членовите на Комората и на предлог на директорот на Агенцијата, три члена од редот на вработените во Агенцијата“ од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19)

19. Кадровски прашања

20. Прашања и предлози

21. Годишен извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија за 2022 година

22. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 40/23)

23. Информација за потребата на доделување на договор „влада со влада“ за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logisitic Supply Support (CLLSA), со склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна

Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Писмо

24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка

25. Информација за обезбедување дополнително национално ко-финансирање за изградба на јавна установа-детска градинка во Општина Тетово

26. Информација за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2024 година

27. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2023 година

28. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година

29. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 ноември 2023 година до 22 ноември 2023 година

30. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и

имотот на населението, за период од 23 ноември 2023 година до 29 ноември 2023 година

31. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 21 ноември 2023 година до 27 ноември 2023 година

32. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 14 ноември 2023 година до 20 ноември 2023 година

33. Информација од претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за именување на арбитер во поведената арбитражна постапка од страна на FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No.ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID)

34. Предлог- одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција

35. Предлог на закон за административни службеници, по скратена постапка

36. Информација за воспоставување на Платформа за електронско канцелариско и архивско работење (концепт), со прилози

37. Информација по однос на овластувањето за потпишување на анекс на договор за одржување на софтвер за полагање на испити

38. Предлог на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација (*), по скратена постапка

39. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронско управување и електронски услуги, по скратена постапка

40. Предлог на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка

41. Предлог на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници (*), по скратена постапка

42. Информација за добивање на овластување за застапување на Министерството за информатичко општество и администрација од страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија пред Постојан избран суд-арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија

43. Информација за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-стратегија и Акциски план (2023-2026 година)

44. Предлог-програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2023 година

45. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување правни исправи за ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведени арбитражни постапки против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови за ICSID Case No. ARB/ 23/31 и ICSID Case No. ARB 23/35, со текстови на полномошна за застапување и писма за ангажирање

46. Информација за потребата од склучување Договор за грант меѓу Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Европската инвестициона банка за Железнички коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, со усогласен текст на Договор

47. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на вториот проект за унапредување на социјалните услуги, по скратена постапка

48. Информација во врска со состанокот на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло, со текст на анекси

49. Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

50. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извознички на нафта по Договорот за заем за Програмата за одржливост и отпорност, по скратена постапка

51. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка

52. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје

53. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта

54. Информација за потребата од обезбедување средства за социјална изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи по проектот-Ф/П 1674, со Предлог-одлука

55. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите

56. Предлог на закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*)

57. Предлог на закон за изменување на Законот за спорт, по скратена постапка

58. Предлог на закон за помилување

59. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државното правобранителство на Република Северна Македонија

60. Предлог-програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година

61. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

62. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година

63. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

64. Предлог-програма за изменување на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествената одговорност за 2023 година

65. Информација во врска со усвојување на Нацрт-инвестициски план за забрзана транзиција од јаглен за целите на користење на средства од Програмата за забрзување на транзицијата од јаглен поддржана од Климатскиот инвестициски фонд

66. Информација во врска со Јавниот повик и Тендерската документација за избор на универзален снабдувач

67. Предлог на закон за контрола на индустриски емисии

68. Предлог на закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата

69. Предлог на закон за Канцеларија за поврат на имот (*)

70. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Информација за подготовка на реформска агенда со индикативна листа на приоритети за Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со прилог**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на реформска агенда со индикативна листа на приоритети за Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди реформската агенда со индикативна листа на приоритети за Планот за раст за земјите од Западен Балкан.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави реформската агенда со индикативна листа на приоритети за Планот за раст за земјите од Западен Балкан до Европската комисија, преку Мисијата во Брисел, најдоцна до 6.12.2023 година.

3. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и администрација, до Секретаријатот за европски прашања, да доставаат ревидирани секторски единствени листи на проекти, најдоцна до 28.12.2023 година.

- **Информација за изработена анализа „Преглед на правната рамка и практиките за уредување на процедурите за назначување во Северна Македонија: Препораки за иднина“, со Прилог**

Владата ја разгледа Информацијата за изработена анализа „Преглед на правната рамка и пратките за уредување на процедурите за назначување во Северна Македонија: Препораки за иднина“, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства да ја земат предвид Анализата на законодавството и согласно препораките дадени во истата да преземат активности со цел промена на законската регулатива во насока на ограничување на дискреционите овластувања при назначувањето на вршители на должност директори, да се предвидат јасни критериуми и процедури за избор што ќе вклучува јасни насоки во однос на распишувањето јавен повик, критериуми за евалуација и интервјуа, ќе се воведат механизми за надзор, ќе се зголеми транспарентноста и довербата на јавноста, ќе се зајакне отчетноста, како и да се утврдат јасни критериуми и временски рокови за назначување на лица како вршители на должност за да се спречат потенцијални злоупотреби.

2. Се задолжуваат сите министерства во рок од 30 дена, до Владата да доставаат информација за активностите кои ќе ги преземат во насока на надминување на слабостите во правната рамка и уредувањето на процедурите за назначување на раководни лица.

**-Информација за потребата од достапност и проактивна соработка со граѓаните и граѓанскиот сектор од страна на органите на државната управа**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од достапност и проактивна соработка со граѓаните и граѓанскиот сектор од страна на органите на државната управа, ја усвои и ги задолжи органите на државната управа:

-да обезбедат пристап до информации од јавен карактер согласно закон, односно навремено, целосно да се достапни информации и податоци од работата на институцијата и тоа на јасен и разбирлив начин, во писмена и електронска форма, на веб-страницата на институцијата;

-да ја проверат функционалноста на официјалните контакт телефони и е-маил адреси, со цел да бидат достапни за граѓаните;

-при секојдневно работење да одговараат неселективно, навремено, транспарентно и аргументирано на јавноста и засегнатите страни за сите аспекти од работењето на институцијата и

-да соработуваат меѓусебно во сите фази на креирање и реализација на програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија.

**-Информација за истражување на состојбата со опрема и потребите за решенија поврзани со сајбер безбедност во системите на јавните институции, со Прашалник**

Владата ја разгледа Информацијата за истражување на состојбата со опрема и потребите за решенија поврзани со сајбер безбедност во системите на јавните институции, со Прашалник, ја усвои Информацијата и ги задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Државниот завод за статистика, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за одбрана, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, а им препорачува на Царинската управа, Управата за јавни приходи, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го одговорат Прашалникот од Прилог 1, достапен на https://bit.ly/gs_cyber2023 и да го достават на електронска адреса nsdto@gs.gov.mk во рок од 10 дена.

*
*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Известувањето за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај-ИЗПМ и Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадени препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје (Сметка 737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеноста за 2021 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје (Сметка за средства од Програмата за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (Сметка 531)) и ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат одговорните лица на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, во согласност со динамиката утврдена во Акцискиот план за спроведување на препораките да продолжат со активностите за целосно спроведување на сите препораки дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година.

2. Се задолжуваат одговорните лица на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија да продолжат со преземените активности во делот на донесување на медицинските протоколи за приклучување на пациенти на биолошка терапија и да обезбедат нивна доследна практична примена.

3. Се задолжуваат одговорните лица на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија да преземат активности со кои ќе обезбедат видот и обемот на биолошка терапија која ќе се набави на Клиниката да биде резултат на стручна анализа и предлог на стручниот колегиум на Клиниката, а приклучувањето на пациентите на биолошка терапија да биде исклучиво врз основа на мислење обезбедено од онколошкиот конзилиум и стручниот колегиум на Клиниката.

4. Се задолжува ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија да воспостави регистар на сите онколошки пациенти кои се лечат на Клиниката, во кој ќе бидат наведени и податоци за вклучените пациенти на биолошка терапија, нивната дијагноза, критериумите за вклучување на терапијата, како и реална проценка за очекувани нови пациенти. Клиниката и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да ги користат податоците од овој регистар со цел обезбедување на финансиски средства од буџетот на Фондот за

исполнување на реалните потреби за биолошка терапија на пациентите на Клиниката.

5. Се задолжуваат одговорните лица на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија да спроведат попис на сите средства и обврски на Клиниката согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со кој ќе се добие целосно и точно согледување на состојбите на средствата, обврските и побарувањата со кои располага Клиниката.

6. Се задолжува ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да подготви план за динамика на подмирување на доспеаните обврски, кој треба да биде усогласен со обезбедениот буџет на Фондот.

7. Се задолжуваат Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Министерството за здравство да отпочнат активности за донесување на нова листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот или ажурирање на важечката, која ќе биде усогласена со актуелните состојби на фармацевтскиот пазар и во која ќе бидат вклучени лекови за кои се одобрува условен буџет во јавните здравствени установи, а во рамки на условите и можностите на обезбедениот буџет на Фондот, односно на реалните потреби на пациентите.

8. Се задолжуваат ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија и Министерството за здравство да преземат активности за анализа на можните решенија со цел да се донесе оптимална одлука за надминување на состојбата со опремата на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, која не е ставена во употреба, а со која ќе се обезбеди подобрување на достапноста и квалитетот на здравствените услуги кои се даваат на онколошките пациенти.

9. Се задолжуваат ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“-Битола, ЈЗУ Клиничка болница-Штип, ЈЗУ Клиничка болница-Тетово и ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје, во соработка со Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедат услови за непречено функционирање на онколошките одделенија кои се формирани во нивни рамки, а со цел да се обезбеди подобрување на достапноста и квалитетот на здравствените услуги кои се даваат на онколошките пациенти.

10. Се задолжува Министерството за здравство да преземе активности за имплементација и функционирање на Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во јавните здравствени установи, имајќи предвид дека согласно Законот за здравствената заштита, истото е обврска на министерот за здравство.

11. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбеди доволно

средства за тековна реализација на програмите за здравствена заштита, како и за подмирување на заостанатите обврски кон јавните здравствени установи, односно утврдените активности во програмите да бидат во сообразност со обезбедените средства за нивно финансирање.

12. Министерството за здравство да ги задолжи јавните здравствени установи да обезбедат информација за опремата која е набавена, но не е ставена во употреба, со објаснување кои се причините за тоа и во взаемна координација да обезбедат услови истата да се стави во употреба.

13. Се задолжува Министерството за здравство да отпочне активности за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, во насока на доуредување или утврдување на одредби со кои ќе се ограничи маржата која ја наплаќаат економските оператори кои имаат монополска положба/ексклузивно право при набавка на реагенси за вршење на лабораториски испитувања и при набавка на услуги за сервисирање на медицинска опрема.

## Точка 2

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2023 до 30.6.2023 година и го усвои Извештајот.

Истовремено потребно е да се има предвид негативното Мислење од Министерството за култура.

## Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.31/23).

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 03-596/1).

## Точка 5

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за статус, тек и за ангажирани експерти/вештаци и сведоци во арбитражната постапка поведена од страна на Артем Скубенко, Валентин Дрожденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомски, Игор Компанец, Серги Надиеждин и Володомир Скубенко против Република Северна Македонија (ICSID случај бр. ARB/19/9) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за ангажирањето на стручните лица, вештаци/експерти и тоа на: проф. д-р Горан Коевски како експерт во полето на облигационото и трговското право, проф. д-р Гордан Калајџиев како експерт во полето на кривичното право и кривичната постапка, на КПМГ LLP и тоа на Рој Валигора за да изврши детална анализа на одредени трансакции со цел преглед на финансиското работење на Сардич и останати поврзани друштва и Николас Гоод со цел одговор на стручниот експерт од спротивната страна и евалуација на неговите калкулации кои се однесуваат на проектот „Казандол“, како партнери во финансиското друштво КПМГ LLP и на Ричард Ламберт од Roscoe Postle Associates Inc. на околноста техничка анализа на рударскиот комплекс „Казандол“, како и потребните трошоци кои се потребни за неговата изградба.

2. Даде согласност за надомест на трошоците на Друштвото Strut Legal, Inc, кои по барање и налог на Арбитражниот трибунал за потребите на арбитражната постапка беа ангажирани со цел воспоставување на потребно форматирање на поднесоците од двете страни, по терк и модел што одговара на користениот софтвер од страна на Арбитражниот трибунал.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министертсвото за економија, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, а се укажува на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Агенцијата за квалитет во високото образование, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за катастар на недвижности, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна

Македонија, Народната банка на Република Северна Македонија, Јавното радиодифузно претпријатие Национална радио-телевизија, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Република Северна Македонија, во државна сопственост и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси во државна сопственост, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на април, мај и јуни 2023 година, по кои се уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Црна Гора во Република Северна Македонија, со седиште во Тетово.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување Почесен конзул на Црна Гора во Република Северна Македонија, со седиште во Тетово.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Француската Република, со седиште во Стразбур.

**Точка 12**

Владата го донесе Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Француската Република, со седиште во Стразбур.

**Точка 13**

Владата го разгледа Барањето на Јалка Елиас Силккола, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и врз основа на Мислењето на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за пренесување на правото на реконструкција, доградба и надградба на објектот Универзална сала во Скопје, со текст на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со реконструкција на објектот на Универзална сала во Скопје и прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува министерот за култура да склучи договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со реконструкција на објектот на Универзална сала во Скопје.

2. Се задолжува Министерството за култура во рок од 60 дена по приемот на целокупната документација од Градот Скопје, да ја согледа проектно-техничката и финансиската документација за реконструкцијата на објектот на ЈУ Универзална Сала и за потребните финансиски средства да обезбеди согласност за преземање на обврски на буџетски корисници за наредни три години (2024, 2025 и 2026 година), согласно Законот за буџетите, а Министерството за финансии да ја даде потребната согласност за овие три години.

3. Се задолжува Министерството за финансии, по склучување на договорот и по враќањето на расположливите финансиски средства од наменската сметка на Градот Скопје за реконструкција на објектот на Универзалната сала во износ од 67 милиони денари, на сметка во Буџетот на Република Северна Македонија, истите да ги прераспредели на расходна ставка во разделот на Министерството за култура, како дополнување на постоечките 30 милини денари кои се планираат за оваа намена во буџетот на Министерството за култура за 2024 година.

4. Се задолжува Министерството за култура во рок од 60 дена по склучување на договорот за промена на инвеститор со Градот Скопје да ја информира Владата со конкретен акциски план, мерки и активности за реализација на реконструкцијата на објектот на Универзална сала во Скопје.

## Точка 15

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа нема забелешки по текстот на истиот.

## Точка 16

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 19 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19):

„Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Годишниот извештај Државната комисија го доставува и до Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање".

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси содржи одредба (член 19 став (3)) со која е утврдено Годишниот извештај да содржи:

-статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои постапува согласно со своите надлежности, со анализа,
-број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи,
-информација за институциите кои не постапиле по барањата на Државната комисија,
-број на предмети за кои е покрената прекршочна постапка,
-оценка на спроведувањето на овој закон и
-оценка на состојбата со корупција и борбата против корупцијата во државата.

Предметниот Годишен извештај во најголем обем го исполнува горенаведеното барање за задолжителна содржина на годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, со тоа што:

-Статистички податоци за оформени предмети, решени предмети и предмети по кои постапува согласно своите надлежности, со анализа, се дадени во поглавјата 3.2 „Постапување во случаи за сомнежи за корупција" и 3.3. „Постапување во случаи на судир на интереси" од Годишниот извештај:

-Податоци со број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи, како и информации за институциите кои (не)постапиле по барањата на Државната комисија се дадени во истите поглавја наративно и во табеларните прегледи од прилозите 1, 2 и 3 од Годишниот извештај;

-Бројот на предмети за кои е покрената прекршочна постапка е презентиран во поглавјето 3.8 Водење на прекршочни постапки од Годишниот извештај;
-Под посебна глава од Годишниот извештај, дадена е и оценка за состојбата со корупцијата и борбата против корупцијата во државата (Глава 4).

Во Годишниот извештај, Државната комисија не дала оценка на спроведувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Во врска со овој дел од содржината на Годишниот извештај, потребно е да се има предвид активното учество на претставници на Државната комисија во работната група за подготовка на предлог измени на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, по иницијатива на Државната комисија, а имајќи ги предвид дадените оценки за спроведувањето на Законот во годишните извештаи за работата на Државната комисија за 2019 и 2020 година, процесот за подготовка на предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е започнат на 21.4.2021 година и истиот е во тек.

Согласно член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/15, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20):

„Државната комисија за спречување на корупцијата е должна до Собранието на Република Македонија да достави годишен извештај за примени пријави од укажувачи во рамки на својот годишен извештај за работа“.

Согласно оваа одредба, годишен извештај за примени пријави од укажувачи е содржан во предметниот Годишен извештај за работата на Државната комисија, под поглавјето 3.12 Примена на Законот за заштита на укажувачи-ЗЗУ.

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година содржи сеопфатни информации и податоци за реализираните активности во вршењето на надлежностите на Државната комисија, со тоа што, покрај горенаведеното, наведени се и информации за активностите на Државната комисија и во остварувањето на надлежностите за следење на спроведувањето на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, следење на законитоста на изборните кампањи, евидентирањето и следењето на имотната состојба, проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси, антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти и водење на регистарот на избрани и именувани лица. Исто така, во извештајот содржани се информации за зајакнување на личниот и институционалниот интегритет и јакнење на јавната свест.

Под посебни делови од Годишниот извештај, презентирани се преземените активности за подобрување на квалитетот на работењето на Државната комисија, нејзината соработка со други институции и меѓународната соработка, како и

податоците за реализација на буџетот, завршната сметка и финансирањето (глави 5-7).

Доставувањето на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2022 година е во функција на исполнување на законската обврска на Државната комисија за спречување на корупцијата, утврдена со горенаведените законски одредби.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки и дава позитивно мислење по однос на доставениот Годишен извештај.

Покарактеристични наоди што можат да се издвојат од Годишниот извештај се следните:

-Зголемен е бројот на вработените во Секретаријатот на Државната комисија, пополнети се 48 работни места што претставува 75% пополнетост и подобрување на состојбата со човечките ресурси во однос на 2021 година кога пополнетоста изнесуваше 53%;

-Државната комисија ги прилагоди просторните услови и обезбеди опрема за востановување на центар за обука од областите на антикорупциски познавања, судир на интереси и интегритет за вработените во јавниот сектор. Исто така, Државната комисија за вработените во Секретаријатот обезбеди соодветни обуки заради стекнување и подобрување на потребни вештини и знаења за ефективно извршување на работните задачи;

-Во текот на 2022 година, Државната комисија примила 698 пријави и оформила 127 предмети по сопствена иницијатива од разни области, започнала проверка на имотната состојба на 55 носители на јавни функции, а одржала 21 седница на кои се донесени 1056 одлуки. Големиот број на предмети оформени од Државната комисија, по сопствена иницијатива, од областа на имотната состојба се должи на континуиранaта проверка дали избраните/именуваните лица ја исполниле својата обврска и навремено доставиле изјава за имотна состојба при нивното именување, односно разрешување, посебно ако се има предвид бројот на извршени именувања и разрешувања по спроведените Локални избори во 2021 година;

-Пријавите од областа на корупцијата кои Државната комисија ги добила во текот на 2022 година во најголем дел се однесуваат на пријави за постапувања на судии и јавни обвинители;

-Поради непочитување на обврската за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси, во текот на 2022 година издадени се 403 прекршочни платни налози, од кои 375 се за неподнесување анкетен лист, изјава за интереси или образец за пријавување промени на имотната состојба. Во 243 случаи платена е глоба со што во

Буџетот на Република Северна Македонија наплатени се 39.200 евра во денарска противвредност;

-Во процесот на одлучување по предметите по кои Државната комисија постапувала во 2022 година, огромен придонес дале инспекциските служби, пред сé Државниот просветен инспекторат, Државниот трудов инспекторат и Државниот управен инспекторат;

-Според податоците на Државната комисија, најголем број на пријави за незаконитости во постапките се поднесени поради со сомневања за:

-вработувања на лица за кои се наведува дека се блиски на избрани/именувани лица, или се поврзани со политички партии, но и поради злоупотреба на т.н. „балансер“ од страна на вработени лица, губење на дел од имот, узурпација на простор, градење без потребни дозволи, уништување на зеленило, незаконско градење во национални паркови, пред сé поради нетранспарентност на постапките при носењето или измените на деталните урбанистички планови, влијанието и моќта на бизнисмени од градежниот сектор врз градоначалници и локалните инспектори, но и поради свесното непостапување на општинските власти. Овде се вбројуваат и пријави за неспроведување на судски одлуки за рушење на незаконски изградени објекти за кои локалните власти не постапуваат и незаконитости во постапките за јавни набавки.

-Државната комисија издала голем број препораки за подобрување на постапките за вработување во јавниот сектор, за елиминирање на непотизмот, клиентелизмот и кронизмот. Се очекува усогласување на законите со добиените препораки;

Во текот на 2022 година, Државната комисија интензивно работела на развојот на софтверското решение за електронско поднесување изјава за имотна состојба и судир на интереси. Целосната имплементација на овој софтвер, како и модулот за регистар на избрани, именувани или назначени лица, се очекува да започне во 2023 година. Според Државната комисија, тоа е сѐ уште причина да не се применуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои се однесуваат на категориите на службени лица кои имаат обврска за пријавување на имотна состојба и интереси, образецот и начинот на пријавување на имотна состојба и интереси;

-Малиот број на доставени полугодишни извештаи во 2022 година е показател дека институциите се недоволно посветени на исполнување на своите обврски утврдени со Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти кои произлегуваат од него. Сепак, граѓаните се охрабруваат и сознанијата/сомневањата за незаконско постапување ги пријавуваат во институциите преку каналот за заштитено внатрешно пријавување;

-Од втората половина на 2022 година започна и примената на Законот за лобирање. Државната комисија, согласно одредбите од Законот, ги донесе подзаконски акти кои произлегуваат од него и спроведе обуки за вработените. Дополнително, Државната комисија изготви и модел на внатрешен акт, за да им послужи како пример на органите кај кои се лобира, во исполнување на обврската, утврдена во член 24 од Законот за лобирање. Моделот на внатрешен акт е доставен во електронска форма до Собранието на Република Северна Македонија и единиците на локалната самоуправа, како и до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, од каде е препратен до органите на државната управа. Од органите кај кои се лобира, до крајот на 2022 година доставени се вкупно 31 внатрешен акт. За примена на Законот за лобирање, Државната комисија стави во функција софтверско решение електронски Регистар на лобисти, лоби организации и лобирање;

-Со информациите за ниската реализација на мерките и активностите предвидени со Акциониот план за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, Државната комисија укажува дека е потребна посветеност на институциите за навремено извршување на предвидените активности;

-Како резултат на работењето на Државната комисија на планот на секторскиот, институционалниот и личниот интегритет заедно, потпишана е Политика на интегритет и назначени се лица за интегритет во 18 институции на централно ниво и во 67 единици на локалната самоуправа;

-Подобрен е процесот на антикорупциската проверка на легислативата со тоа што Државната комисија започна да применува и софтверско решение за дел од предложените закони, со што побрзо се препознаваат одредбите кои содржат ризици од корупција и судир на интереси;

-Во текот на 2022 година, Државната комисија активно учествуваше на состаноците во рамки на процесот за билатерален скрининг и тоа за Кластер 1, поглавја 5-Јавни набавки, демократски институции, економски критериуми, 23-Правосудство и фундаментални права, 24-Правда, слобода и безбедност и 32-Финансиска контрола.

Во 2022 година, Државната комисија достоинствено го одбележа јубилејот- 20 години од нејзино основање, со тоа што го презентираше нејзиниот развој како водечка институција специјализирана за превенција на корупција.

По донесувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во 2019 година, а врз основа на целокупното претходно искуство и идентификуваните предизвици во работењето на Државната комисија, нејзините надлежности, инструменти, професионализација, а со тоа и нејзината улога, беа особено проширени и зајакнати.

Наодите и заклучоците од годишните извештаи за работата на Државната комисија поднесени во изминатите пет години покажуваат дека се уште постои простор за унапредување и развој на Државната комисија, за што Владата на Република Северна Македонија се залага и придонесува со преземање на активности за унапредување на нејзините кадровски, просторни и други материјални услови за непречено работење.

Што се однесува на спроведувањето на антикорупциските политики, Владата продолжува да презема регулаторни и нерегулаторни мерки за реализација на целите на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во соработка со Државната комисија, другите домашни институции, како и во соработка и со поддршка на меѓународни организации и странски донатори.

Во врска со примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се укажува дека Законот содржи одредби кои се основ за имплементација на современи електронски алатки, меѓутоа истите не ја исклучуваат можноста за примена на поедноставни решенија кои Државната комисија може да ги пропише.

Во таа насока, се укажува на потребата Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се применува во целост и Државната комисија, со ресурсите кои ги има на располагање и на начин кој го дозволуваат постојните состојби, а со цел ефикасна превенција на корупцијата, да воспостави функционални механизми и инструменти за непречено да се применуваат одредбите за кои е утврдена одложена примена до влегувањето во сила на поврзаните подзаконски акти. Имено, со член 119 од Законот, утврден е рок во кој Државната комисија ги донесува подзаконските акти кои произлегуваат од Законот (во рок од шест месеци од именувањето на претседателот и членовите на Државната комисија). Со истиот член, утврдено е до влегувањето во сила на подзаконските акти пријавувањето и проверката на имотната состојба и интересите да продолжи во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.70/07, 114/09, 6/12 и 153/15) и подзаконските акти кои произлегуваат од нив.

Врз основа на член 86 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Правилникот за формата и содржината на образецот на изјавата за имотна состојба и интереси и пријавување промена во имотната состојба и интересите е донесен на седница на Државната комисија одржана на 31 март 2023 година, истиот е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.73/23 и е во сила со денот на објавувањето (6.4.2023 година).

## Точка 17

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година и притоа го утврди следното:
Согласно член 18 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државната комисија) го следи спроведувањето на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и подготвува годишни извештаи и завршен извештај за спроведување на истата. Во ставот (7) од истиот член на Законот утврден е рокот за доставување на годишниот и завршниот извештај до Собранието на Република Северна Македонија (најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година).

Согласно горенаведените одредби од Законот, на 31 март 2023 година, Државната комисија до Собранието на Република Северна Македонија го доставила Годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година (во понатамошниот текст: Годишниот извештај), кој го усвоила на 30 март 2023 година. Годишниот извештај е втор извештај за спроведувањето на мерките предвидени со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година (во натамошниот текст: Националната стратегија) и истиот се однесува на спроведувањето на мерките предвидени да се реализираат до крајот на 2022 година.

Доставувањето на Годишниот извештај од Државната комисија до Собранието на Република Северна Македонија е во функција на запазување на обврската утврдена со горенаведените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Годишниот извештај е подготвен врз основа на информации добиени од надлежните институции кои се носители на активности согласно Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија. Како што известува Државната комисија, собирањето на податоците и информациите од надлежните институции првенствено се извршило преку веб-апликација посебно развиена за поефикасно следење на спроведувањето на активностите предвидени со Акциониот план за спроведување на Националната стратегија.

Во периодот јануари-февруари 2023 година, Државната комисија извршила анализа и евалуација на податоците доставени од институциите и го утврдила статусот на активностите кои се предмет на евалуација за извештајниот период, и тоа:
-активностите чијшто утврден рок за реализација во Акциониот план е 2022 година;

-активностите чијшто утврден рок за реализација е 2021 година, а кои во периодот на претходната евалуација биле со статус на реализација „Во тек“ или „Нереализирана“, и
-континуираните активности.

Дополнително, за оние активности за кои надлежните институции не доставиле информации, со цел да се добијат точни податоци за степенот на реализација на мерките и активностите од Акциониот план за спроведување на Националната стратегија, Државната комисија направила дополнителна анализа на достапни податоци и документи објавени на веб-страниците на надлежните институции, како и анализа на релевантните закони и подзаконски акти.

Во 2022 година, вкупно 165 активности биле предвидени за реализација, од кои 70 активности се предвидени со Акцискиот план со рок 2022 година, а 95 активности се пренесени од 2021 година како нереализирани, активности со статус Во тек, како и континуирани активности. Од 95-те активности пренесени од 2021 година, 27 активности се предвидени како континуирани активности.

Од добиените извештаи и направените проверки, Државната комисија утврдила дека од вкупно 165 предвидени активности за реализација, во 2022 година 17 биле реализирани, 90 не биле реализирани, додека 58 активности биле во тек на реализација.

Според тоа, од вкупно (165) евалуираните активности во 2022 година најголем е процентот на нереализираните активности-55%, активностите со статус Во тек опфаќаат 35%, а целосно реализирани активности се 10%.

Од компаративниот приказ за 2021 и 2022 година, Државната комисија забележала позначајно зголемување на активностите со статус Во тек во секторите здравство, труд и социјална политика, спорт и медиуми и граѓанско општество.

Спроведените активности за собирање на информациите за Годишниот извештај се во функција на спроведување анализа и согледување на потребата да се донесе одлука со која Државната комисија утврдува потреба за изменување на Националната стратегија.

Имајќи ја предвид вкупната реализација на активностите од Стратегијата во изминатите две години, а со цел запазување на пристапот кон утврдување на слабостите во реализацијата на истата, Државната комисија повторно ги истакнува генералните препораки дадени со првиот годишен извештај за спроведувањето на Националната стратегијата, и тоа:
• Да се воспостави силен механизам за контрола, но и институционална одговорност за реализација на мерките;
• Да се интензивираат активностите на Собранието на Република Северна Македонија во насока на зголемена отчетност, одговорност и транспарентност на

носителите на јавни функции во извршната власт, задолжени за спроведување на активностите од Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија (комисиски, надзорни расправи и сл.);

• Институциите-носители на активностите предвидени со Акциониот план за спроведувањето на Националната стратегија да создадат услови за континуиран и ефективен систем за известување за степенот на реализација на активностите за кои се задолжени, во рамки на институцијата, како и кон Државната комисија;

• Да се обезбедат средства за зајакнување на капацитетот на Државната комисија, со формирање на одделение за следење на реализацијата на Националната стратегија, за континуирана комуникација со институциите, со цел да биде активен двигател за реализацијата на активностите, преку квартално прибирање на податоци од институциите и редовно одржување состаноци по области.

• Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се изврши изменување и дополнување на Националната стратегија, во насока на ажурирање и прилагодување на мерките и активностите (рок за реализација, индикатор, надлежна институција и др.), вградување на предлозите на собраниските тела при усвојувањето на Националната стратегија и дефинирање на дополнително детектирани приоритетни проблеми, и тоа кои се однесуваат на инспекциските служби и располагањето со имот во државна сопственост и сопственост на единиците на локалната самоуправа.

Покрај горенаведените препораки, Државната комисија со Годишниот извештај дава дополнителни препораки кои се однесуваат на одделни хоризонтални области и сектори.

Согласно член 18 став (8) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија донесува одлука за изменување на Националната стратегија кога врз основа на спроведени анализи или согледувања од годишните извештаи за нејзиното спроведување ќе утврди дека тоа е потребно. Измената на Националната стратегија се подготвува во постапка утврдена со член 18 став (5) од Законот, согласно кој постапката се спроведува со учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми, и се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Врз основа на согледувањата од Годишниот извештај, може да се констатира потребата за спроведување на постапка за изменување на Националната стратегија.

Во таа насока, а како причини поради кои не се реализирани дел од предвидените мерки и активности, потребно е да се има предвид и следното:

- Одредени предвидени активности се непрецизно или недоволно формулирани или за нивни носители се определени институции кои не се надлежни да ги реализираат;

- Неопходно е методолошко усогласување на Акциониот план за спроведувањето на Националната стратегија, од аспект на разложувањето на предвидените мерки во активности, определувањето на надлежните институции и фискалните

импликации (потребните износи на финансиски средства и извори на финансирање);
- Потребно е појаснување на одредени термини и мерки предвидени со Акциониот план, како и прецизирање на констатациите наведени во наративниот текст на Националната стратегија со кои се презентираат одредени состојби, имајќи ги предвид поединечните мислења на надлежните институции;
- Институции кои не се одговорни пред министри кои раководат со министерства кои се носители на одредени предвидени мерки и активности не ги реализирале активностите кои се предвидени со Акциониот план за спроведување на Националната стратегија кои претходат на мерките/активности чии носители се надлежните министерства.

Во врска со определување на насоките за изменување на Националната стратегија, се укажува дека од особена важност е да се има предвид дека согласно новата ревидирана методологија за проширување-„Зајакнување на процесот на пристапување-Кредибилна перспектива за Западен Балкан", со која се воведуваат тематски кластери, Борбата против корупцијата ќе се следи во рамки на првиот кластер, а резултатите ќе бидат услов за подлабока секторска интеграција и напредок во сите понатамошни кластери. Напредокот во преговорите во овој кластер ќе влијае и на динамиката во сите други кластери, а затворањето на секое поглавје кое е поврзано со политиките на борба против корупцијата ќе зависи од постигнатите конкретни резултати.

Важно е и да се имаат предвид и индикаторите и областите на интервенција во Стратешкиот одговор за Прозорец 1. Владеење на правото, фундаментални права и демократија, Тематски приоритет 2. Борба против корупцијата, кои ќе бидат основа за финансиската поддршка од ЕУ за оваа област, преку новиот инструмент за претпристапна помош ИПА III.

Имајќи во предвид од горенаведеното, се оценува дека за остварување на целите на Националната стратегија неопходно е остварувањето на соработка меѓу институциите координирана од страна на Државната комисија.

## Точка 18

Владата ја разгледа Иницијативата на Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи на Република Македонија од Скопје, преку адвокат Бобан Богдановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.75/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 133 став 1 во дел: „од кои четири члена од редот на членовите на Комората и на предлог на директорот на Агенцијата, три члена од редот на вработените во Агенцијата" од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од член 133 ставот 1 од Законот за катастар на недвижности, во делот „од кои четири члена од редот на членовите на Комората и на предлог на директорот на Агенцијата, три члена од редот на вработените во Агенцијата“ од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбите од член 8 став 1 алинеја 3, член 51 став 1, како и член 55 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија. Подносителот се повикува и на член 127 од Законот за катастар на недвижности од причина што, како што е наведено во Иницијативата, трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи се здружуваат во комора заради застапување и усогласување на заедничките интереси за што подносителот смета дека членовите на органите на комората треба да бидат од редот на членовите на комората, односно да ги сочинуваат претставници на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

Во Иницијативата е наведено дека оспорената одредба е во колизија со одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси за што подносителот смета дека постои потенцијален ризик за судир на интереси при изборот на членови на Управниот одбор.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Со одредбите од Законот за катастар на недвижности се уредува статусот, организацијата, работењето и надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности, управувањето со геодетско-катастарскиот информационен систем, основните геодетски работи, геодетските работи за посебни намени, премерот на недвижностите во функција на катастарот на недвижности, премерот и одржувањето на државната граница на Република Северна Македонија, топографските карти, работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи, катастарот на недвижности, одржувањето на катастарот на недвижности востановувањето и одржување на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности масовната процена на недвижностите, воспоставувањето и управувањето со графичкиот регистар за градежно земјиште, водењето на Регистарот за просторни единици, водење на графичкиот регистар за улици и куќни броеви, итн.

Со членот 133 од Законот се уредува: составот, надлежностите и мандатот на членовите на Управниот одбор на комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи. Имено, во ставот (1) е уредено дека: „Управниот одбор е составен од седум члена од кои четири члена од редот на членовите на Комората и на предлог на директорот на Агенцијата три члена од редот на вработените во Агенцијата“.

Согласно ставот (2) од истиот член е пропишано дека Управниот одбор:

-утврдува нацрт на статутот и другите акти на Комората,
-издава и одзема лиценца за вршење на геодетски работи,
-дава предлози за потребните обуки кои може да бидат опфатени во програмата за континуирана или дополнителна обука на вработените кај членките на Комората,
-се грижи за остварување на активностите, целите и задачите од членот 129 од овој закон,
-води именик на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи,
-податоците за издадени и одземени лиценци ги доставува до Агенцијата најдоцна во рок од три дена од денот на настанатата промена,
-ги подготвува седниците на Собранието на Комората,-ги извршува одлуките на Собранието на Комората,
-составува предлог на годишна пресметка и предлог на финансиски план за наредната година,
-се грижи за наплата на членарината,
-изготвува годишен извештај за работата на Комората и
-одлучува за други прашања кои со закон или со Статутот на Комората се ставени во негова надлежност.
Во ставот (3) е уредено дека членовите на Управниот одбор се избираат со мандат од четири години со можност за уште еден избор.

Членот 133 е пропишан во осмата глава од Законот за катастар на недвижности каде е уредено: работењето на трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи како јавни овластувања, условите потребни за вршење на геодетските работи, стекнување, должности, престанок и одземање на овластување на овластен геодет, лиценца за вршење на геодетски работи, како и конституирањето на Комората, овластувањата, активностите, целите и задачите на комората, органите на Комората, нејзиниот состав и начинот на работа.

За да се оцени уставноста и законитоста на оспорената одредба од законот потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби од Законот, од каде и произлегува и целта и улогата на оваа законска одредба.

Имено, согласно членот 8 став (1) од Законот, како надлежност на Агенцијата, меѓу останатите е и вршење основни геодетски работи, вршење премер на недвижностите, вршење геодетски работи за посебни намени, востановување и одржување на катастарот на недвижности.

Согласно член 103 од Законот, теренските геодетски работи кои се однесуваат на основните геодетски работи, премерот во функција на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижности и геодетските работи за посебни намени, како јавни овластувања се пренесени да ги вршат трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи под услови и на начин определен со овој закон.

Согласно член 127 став (1) од Законот, трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи се здружуваат во Комората заради застапување и усогласување на заедничките интереси, заштита на јавните интереси и заштита на интересите на трети лица.

Во членот 3 од Законот, како работи од јавен интерес меѓу другите се дефинирани и работите кои се однесуваат на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижности, коишто согласно членот 8 се во надлежност на Агенцијата, со член 103 се пренесени јавни овластувања кои ги вршат трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, а кои јавни интереси согласно член 127 од Законот и истите е потребно да ги штити Комората.

Имајќи предвид дека Агенцијата дел од своите надлежности ги пренела на трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, со закон се уредени и начинот и условите кои треба да бидат исполнети за да се вршат пренесените јавни овластувања, а тоа е: стекнување на овластување за овластен геодет и лиценца за вршење на геодетските работи.

Согласно член 118 од Законот, Управниот одбор на комората ја издава лиценцата, а за увидот во исполнетоста на условите за издавање на лиценца Управниот одбор на Комората формира комисија од три члена од кои двајца се од редот на Комората и еден на предлог на Агенцијата.

Со член 125 од Законот се пропишува дека трговецот поединец овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи за извршените геодетски работи наплаќаат надоместокот кој се утврдува со тарифник кој на предлог на Комората го донесува Управниот одбор на Агенцијата, а согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

Од горенаведените законски одредби произлегуваат и јавни овластувања на Комората кои се дефинирани во член 128 од Законот. Јавните овластувања се однесуваат на издавање и одземање на лиценца за вршење на геодетски работи, водење на именикот на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за вршење на геодетски работи и на изготвување на тарифник за висината на надоместокот за извршените геодетски работи.

Со член 133 став (2) од Законот е уредено дека Управниот одбор на Комората, покрај другите надлежности издава и одзема лиценца за вршење на геодетски работи, податоците за издадени и одземени лиценци ги доставува до Агенцијата најдоцна во рок од три дена од денот на настанатата промена, води именик на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, изготвува и други акти кои со закон се ставени во негова надлежност итн.

Овие надлежности на Управниот одбор на комората, се пренесени јавни овластувања од Агенцијата согласно закон.

По однос на наводите од Иницијативата дека оспорениот член е во спротивност со член 127 став 6 од Законот согласно кој комората е самостојна и независна организација со својство на правно лице, се укажува дека подносителот погрешно ги толкувал одредбите од Законот, бидејќи членот 133 од Законот е во корелација со истиот од причина што комората се конституира заради застапување и усогласување на заедничките интереси, заштита на јавните интереси и заштита на интересите на трети лица. Оттука, токму заради заштита на јавниот интерес и интересот на трети лица, составот на комората е пропишан со три члена од редот на вработените во Агенцијата, а четири члена од редот на членките на комората.

Интенцијата на законодавецот е Агенцијата, дел од своите надлежности кои ги пренела како јавни овластувања на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи и на комората како нивно здружение, да обезбеди нивно законито спроведување. Со оглед дека овие пренесени надлежности кои произлегуваат од Агенцијата, директно влијаат на работењето на Агенцијата за катастар на недвижности, на нејзиниот углед а пред се и на заштита на јавниот интерес на граѓаните во обезбедување на сигурноста во делот на запишувањето на правата на сопственост на недвижностите, сосема издржано е законодавецот, односно државата да обезбеди и квалитетна заштита на спроведување на пренесените јавни овластувања.

Впрочем, тоа произлегува и од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, согласно кој „јавно овластување“, се дефинира како овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.

Надлежностите на Управниот одбор на Комората (како пренесени јавни овластувања), за издавање и одземање на лиценци за вршење на геодетските работи, директно имаат влијание на обезбедување на законитост и квалитет на работењето на приватниот геодетски сектор кои пак вршат геодетски работи дефинирани со закон (како пренесени јавни овластувања), а со тоа директно се влијае и на обезбедувањето гаранција на запишаните права на сопственост врз недвижностите и обезбедување на сигурен пазар на недвижности, како еден од најзначајните јавни интереси на граѓаните.

Со ваква формулација на членот 133 од Законот, законодавецот предвидел пренесените јавни овластувања да се спроведуваат во рамките на законот, односно со истите се обезбедува поголема заштита на граѓаните и заштита на јавниот интерес во делот на извршување на пренесените јавни овластувања.

Оттука, неиздржани се наводите во Иницијативата дека целите и задачите на комората кои се дефинирани како интерес на нејзините членови, не претставуваат

интерес на вработените во Агенцијата за катастар на недвижности кои учествуваат како членови на Управниот одбор на комората и на овој начин постои можност да влијаат при донесување на одлуките што се во интерес на членовите на комората.

Членовите на Управниот одбор на комората од редот на вработените во Агенцијата, не го застапуваат својот личен интерес туку го застапуваат токму јавниот интерес и обезбедуваат негова заштита, а и со самиот сооднос на застапеност на членството (членството на вработените од Агенцијата е пропорционално со помала застапеност во однос на членовите кои се избрани од страна на приватниот геодетски сектор /3:4), сосема е јасно е дека членовите од редот на вработените од Агенцијата, не можат и ниту влијаат на донесување на одлуките што се во интерес на членовите на комората.

Дополнително, Агенцијата за катастар на недвижности ги пропишува и сите подзаконски акти кои се однесуваат на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи како и тарифникот за нивното работење, а исто така Агенцијата организира и спроведува задолжителни обуки на овластените геодети, согласно годишната програма која ја донесува Управниот одбор на Агенцијата.

Согласно член 241 од Законот, Агенцијата врши и надзор на законитоста на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи по службена должност или по пријава на странка, па доколку се утврдат неправилности во работењето уредени согласно закон, Агенцијата доставува до комората предлог за одземање на лиценца.

Од се напред наведено, неопходна е взаемната соработка помеѓу Агенцијата и комората, од една страна согледување на сите проблеми и потреби со кои се сретнува приватниот геодетски сектор во спроведување на пренесените јавни овластувања, како и постојано усовршување и подобрување на нивната работа, од друга страна обезбедување на законитост во работењето на приватниот геодетски сектор и заштита на јавниот интерес. Сето тоа се постигнува со координација преку органите на управување во кои се вклучени и претставници од институцијата.

Во однос на контролните механизми наведени во поднесената Иницијатива кои се уредени со член 128 од Законот, се укажува дека Агенцијата ги применува истите, но токму нивната практична примена на начин на кој се пропишани со закон не обезбедува доволна заштита на јавниот интерес пред се заради предвидените управни постапки кои временски траат повеќе од една година, односно траат повеќе отколку што е предвиден и периодот на одземените ингеренции на Комората и практично истите се неприменливи. Со пропишување на учество на членовите на Управниот одбор на комората од редот на вработените од Агенцијата се обезбедуваат превентивни мерки со цел да обезбеди законито работење на комората, а не репресивни мерки како што се пропишани во членот 128 став (4) од Законот.

По однос на наведеното во поднесената Иницијатива за извршена компаративна анализа со другите законски и подзаконски акти кои уредуваат здружување на лица од одредена област преку основање на комори како самостојни и независни организации со статус на правно лице и на кои со закон им се дадени јавни овластувања, се смета дека не може да се прави компарација со другите комори и не треба да се генерализира нивната улога поради специфичноста на надлежностите на секоја Комора и нивната улога и задача како и телата и органите кои ги имаат.

Надлежностите на Управниот одбор на наведените комори се сосема различно законски уредени, различни се по состав и нивните тела, а во одредени тела кои коморите ги имаат пропишани се како членови и претставници од државните органи.

Одредбата од членот 133 од Законот е всушност пропишана уште од 2008 година, кога со Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/08), за прв пат се уредува комората како здружение на трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи и се уредува членството во Управниот одбор на Комората од редот на вработените во Агенцијата. На вака законски предвиден начин се обезбеди долгогодишното совесно, законито и принципиелно работење на комората, како и законито постапување во работењето на членките на комората.

Имајќи го предвид горенаведеното како и дека делот: „од кои четири члена од редот на членовите на комората и на предлог на директорот на Агенцијата, три члена од редот на вработените во Агенцијата" од оспорениот член 133 став (1) од Законот за катастар на недвижности е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на оспорениот дел од член 133 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/25, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19).

**Точка 19**

Владата заклучи:

1. Владата ја разреши Валентина Алексовска, од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија", од редот на вработените, поради истек на мандатот.

1.1. Владата ја именува Валентина Алексовска, за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“, од редот на вработените, на предлог на Советот на вработените.

2. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје, ги разреши:

-Дрита Мифтари, поради истек на мандатот и
-Агим Рустеми, на негово барање.

2.1. Владата ја именува Дрита Мифтари, за вршител на должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје.

3. Владата ја разреши Силвана Кржовска, од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес.

3.1 Владата ја именува Лидија Николовска Ташковска, за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес.

4. Владата му предлага на Собранието на Република Северна Македонија, за член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, да го именува Ментор Јакупи (професионално ангажиран).

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 6 (шест) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

6. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 5 (пет) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

7. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за стопанисување со

пасишта-Скопје, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 4 (четири) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје.

8. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 1 (еден) член на Управниот одбор и 2 (два) члена на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје.

9. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица"-Пробиштип, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 3 (три) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица"-Пробиштип.

10. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 1 (еден) член на Управниот одбор и 1 (еден) член на Одборот за контрола на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија (1 (еден) член на Управен одбор, од редот на афирмирани и стручни лица и 1 (еден) член на Надзорен одбор).

11. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 2 (два) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.

12. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче"-Велес, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 2 (два) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче"-Велес.

13. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна

Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 2 (два) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола.

14. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”-Скопје, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 3 (три) члена на Управниот одбор и 1 (еден) член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”-Скопје.

15. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за државни патишта, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 2 (два) члена на Управниот одбор и 1 (еден) член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

16. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие Колекторски систем, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 6 (шест) члена на Управниот одбор и 1 (еден) член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем.

## Точка 20

1.Владата по повод одбележувањето на државниот празник 8 Декември „Св. Климент Охридски“ ги донесе следните заклучоци:

1) Организацискиот одбор за одбележување на државниот празник 8 Декември „Св. Климент Охридски“ е во следниот состав:

-Мартин Попов, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;

-м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија;

-м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија;

-Ана Андреева, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за организација на настани, секретар за комуникации, односи со јавност и протокол и

-Соња Трпчевска Јанковска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, соработник за комуникации и односи со јавност, координација на министерства и владини институции

(Организацискиот одбор може да се дополнува со членови според потребите кои ќе ги утврди.)

2) Владината делегација предводена од:

-д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија;

-Викторија Аврамовска Мадиќ, заменик на министерот за правда и

-Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски

да присуствува на одбележувањето на државниот празник 8 Декември „Св. Климент Охридски“, на положување цвеќе пред споменикот на Св. Климент Охридски пред НУБ „Св. Климент Охридски“ во 10:45 часот и на свечен настан со почеток во 11 часот.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Одделението за протокол по формирање на делегацијата, да ја извести владината делегација и дипломатскиот кор за деталите за положување цвеќе, да испрати покани до делегациите кои ќе присуствуваат на положувањето цвеќе, но и на гостите кои ќе присуствуваат на свечениот настан, како и да спроведе организациски подготовки за протоколарните делови од настанот за положување цвеќе и соодветна опрема за положување цвеќе.

4) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да ангажира гардисти и фанфаристи  и да обезбеди опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвена стаза).

5) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија, меѓусебно да се договорат за поделба на трошоците за одбележувањето на празникот, врз основа на сценарио подготвено од Организацискиот одбор.

6) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија да обезбеди венци за владината Делегација и Делегацијата на Сојузот на борци за свеченото положување на цвеќе.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за лицата од Секторот за односи со јавност, Одделението за протокол и за Делегацијата од Сојузот на борци.

8) Се задолжува Министерството за здравство на 8.12.2023 година, да има обезбедено едно амбулантно возило според сценарио од Организациskиот одбор.

9) Се задолжува Министерството за култура, со официјален допис, да ја информира НУБ „Св. Климент Охридски“ за одржување на настанот и подготовка на просторот во Библиотеката.

10) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за безбедно одбележување на празникот.

11) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да го организира медиумскиот дел од настанот (покана до медиуми, пакет за испорака до медиуми).

2) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост.

3) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање давател на услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ) АД Скопје.

4) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

5) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во АД за производство на електрична енергија-ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино.

6) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје.

7) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Јавно претпријатие „Стрежево“-Битола.

8) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип.

9) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Јавно претпријатие за државни патишта.

10) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје.

11) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

12) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Јавното претпријатие Колекторски систем.

13) Владата ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

14) Владата заклучи, Заклучокот по Точка 9 од Сто деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 октомври 2023 година, по Барањето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за добивање согласност за вработување на неопределено време да се измени и да гласи:

„Владата го разгледа и даде согласност на Барањето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за добивање согласност за 11 вработувања на неопределено време".

15) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 декември 2023 година го разгледа Барањето од Српскиот културен центар-Скопје за користење на салата на Националната установа Македонски народен театар, без надомест, на 27 јануари 2024 година, за свечената Светосавска академија, по повод „Денови на Свети Сава-одбележување на националниот ден на србите во Македонија, го одобри Барањето и ја задолжи Националната установа Македонски народен театар да му овозможи на Здружението Српски културен центар-Скопје користење на салата за прослава на празникот, на 27 јануари 2024 година, без надомест.

16) Владата го симна од Дневен ред Барањето од Јавната установа Национален парк „Пелистер"-Битола за давање согласност за добивање позајмица од Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје и АД МЕПСО.

17) Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на предлогот во врска со тековните воени судири и тешката хуманитарна ситуација во појасот Газа и

Барањето на Арапската Република Египет за итна хуманитарна помош наменета за овој регион.

18) Владата го разгледа Барањето за измена на заклучок од точка 69 од Нацрт-записникот од Сто деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 октомври 2023 година, во врска со Информацијата за покренување на постапка за трансформација на заем во влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, го прифати Барањето и заклучи Министерството за финансии да се изземе од задолжението за отпочнување на постапка за трансформација на заем во влогови, односно за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

**Точка 21**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Управата за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 40/23).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на доделување на договор „влада со влада“ за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logisitic Supply Support (CLLSA), со склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Писмо и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди усогласениот текст на Писмото за понуда и прифаќање МК-В-КАК, за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logisitic Supply Support (CLLSA), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

2. Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Писмото за понуда и прифаќање МК-В-КАК за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logisitic Supply Support (CLLSA).

3. Се задолжува Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена пред потпишување на Писмото за понуда и прифаќање МК-В-КАК, за обезбедување со резервни делови по Програмата Cooperative Logisitic Supply Support (CLLSA), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 24

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување дополнително национално ко-финансирање за изградба на јавна установа-детска градинка во Општина Тетово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, да обезбеди средства во износ 3.780.000,00 денари во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, како национално кофинансирање за целосна исплата на обврските што произлегуваат од ИПА проектот „Изградба на детска градинка во Општина Тетово-Лот 1“.

2. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување договори-да му ги исплати средствата на изведувачот по однос на времените ситуации, верификувани од Надзорниот орган во согласност со условите од точка 4 и членовите 37, 49, 50 и 51 од Договорот за градба „Изградба на детска градинка во Општина Тетово-Лот 1“.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од пет дена, да донесе програма за шестдневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона зима 2024 година и процедура за реализација на проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на зимскиот распуст, во учебната 2023/2024 година.

2. Се задолжува министерот за труд и социјална политика, во рок од седум дена, да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од Министерството за труд и социјална политика.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да објави повик на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа, во декември 2023 година.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од пет дена по објавување на јавниот повик, да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземаат потребните активности, заради ефикасна реализација на овој проект.

## Точка 27

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2023 година.

## Точка 28

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година.

## Точка 29

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на

Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 ноември 2023 година до 22 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 23 ноември 2023 година до 29 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 31**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 21 ноември 2023 година до 27 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 32**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 14 ноември 2023 година до 20 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата од Претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за именување на арбитер во поведената арбитражна постапка од страна на FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No.ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID), како материјал за информирање.

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Оперативно-техничката агенција.

## Точка 35

Владата го разгледа Предлогот на закон за административни службеници, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Членот 78 став 1 алинеја 6 да се преформулира во насока патни трошоци од местото на живеалиште односно престојувалиште до работното место и обратно, во износ од 50% од цената на повратен месечен автобуски билет, доколку работното место од местото на постојано живеење на вработениот е оддалечено повеќе од 2.5 километри и истото да почне да се применува од 1.1.2025 година.

2. Членот 22 ставот 2 да се преформулира во насока кабинетите од ставот (1) на овој член се состојат од лица од редот на вработените во администрацијата (во натамошниот текст: кабинетски службеници) и надворешни советници.

3. Членот 23 став 1 алинејата 4 да се преформулира во насока пет кабинетски службеници во кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

4. Членот 25 став 1 алинеја 5 да се преформулира во насока пет надворешни советници во кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

5. Во текстот на законот предлагачот да дополни одредби со кои ќе се предвиди употребата на јазиците и писмата, како и соодветна и правична застапеност.

6. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

7. Пречистениот текст на Предлогот на закон за административни службеници, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Есма Аделовиќ-Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

<u>**Точка 36**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на Платформа за електронско канцелариско и архивско работење (концепт), со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за информатичко општество и администрација-Државен управен инспекторат, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и Државниот архив на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават мислења по концептот за воспоставување на Платформа за електронско, канцелариско и архивско работење.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, врз основ на добиените мислења да подготви и до Владата да достави информација со анализа и план за потребните средства за финансирање на концептот за воспоставување на Платформа за електронско, канцелариско и архивско работење, со рок за имплементација.

<u>**Точка 37**</u>

Владата ја разгледа Информацијата по однос на овластувањето за потпишување на анекс на договор за одржување на софтвер за полагање на испити, како материјал за информирање.

## Точка 38

Владата го разгледа Предлогот на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Предлагачот да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ и кореcподентни табели.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација (*), по скратена постапка, да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Димитар Букалов, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронско управување и електронски услуги, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за информатичко општество и администрација да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронско управување и електронски услуги, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереник д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереник Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 41**

Владата го разгледа Предлогот на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници (*), по скратена постапка, и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници (*), по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 42**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за добивање на овластување за застапување на Министерството за информатичко општество и администрација од страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија пред Постојан избран суд-арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-стратегија и Акциски план (2023-2026 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија, со Акциски план 2023-2026 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да формира организациона единица за стратегиски развој и транспарентност во рамките на организациската поставеност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 4 јануари 2024 година.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а се укажува на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од пет дена, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да доставaт податоци за контакт лица (координатори) за имплементација и следења на реализацијата на активностите од Стратегијата за транспарентност.

**Точка 44**

Владата ја донесе Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2023 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување правни исправи за ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведени арбитражни постапки против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови за ICSID Case No. ARB/ 23/31 и ICSID Case No. ARB 23/35, со текстови на полномошна за застапување и писма за ангажирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се согласува со содржината на предложеното Писмо за ангажирање и Полномошно за застапување по предметот FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31), доставени од страна на адвокатската куќа Three Crowns и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

2. Се согласува со содржината на предложеното Писмо за ангажирање и Полномошно за застапување по предметот Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/35),

доставени од страна на адвокатската куќа Three Crowns и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во својство на претседавач на Координативното тело, во рок од 3 (три) дена да ги потпише предложените документи и тоа Писмото за ангажирање и Полномошното за застапување за арбитражната постапка по предметот FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31), кои се доставени во прилог.

4. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во својство на претседавач на Координативното тело, во рок од 3 (три) дена да ги потпише предложените документи и тоа Писмото за ангажирање и Полномошното за застапување за арбитражната постапка по предметот Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/35), кои се доставени во прилог.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување Договор за грант меѓу Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Европската инвестициона банка за Железнички коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Европската инвестициона банка за Железнички Коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија.

2. Се овластува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, да го потпише Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Европската инвестициона банка за Железнички коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија.

3. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Европската инвестициона банка за Железнички коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија.

4. Се овластува м-р Зоран Трифуновски, директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, да го потпише Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Европската инвестициона банка за Железнички Коридор VIII-источна делница МК, делница Крива Паланка-граница меѓу Северна Македонија и Бугарија.

<u>Точка 47</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на вториот проект за унапредување на социјалните услуги, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за финансирање на вториот проект за унапредување на социјалните услуги, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

<u>Точка 48</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состанокот на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло, со текст на анекси, ја усвои Информацијата и ги назначи Зулфи Исмаили, амбасадор, шеф на мисијата и Елена Илиевска, заменик на шефот на мисијата, Постојана мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел да присуствуваат на состанокот на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло, што ќе се одржи на 7 декември 2023 година и да гласаат за усвојување на Одлуката за измена на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила на потекло, како и Препораката за електронско издавање на ЕУР обрасци.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 50**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извознички на нафта по Договорот за заем за Програмата за одржливост и отпорност, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот од Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Фондот за меѓународен развој на Организацијата на земјите извознички на нафта по Договорот за заем за Програмата за одржливост и отпорност, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 51**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

Истовремено, потребно е предлагачот да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и коресподентни табели.

**Точка 52**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје"-Скопје.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 54**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата од обезбедување средства за социјална изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи по проектот Ф/П 1674, со Предлог-одлука.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Авромовска Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерство за правда, Јовица Стојановиќ, в.д директор на Управата за извршување на санкциите и Билјана Зефик, раководител на сектор во Управата за извршување на санкциите.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот на закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Авромовска Мадиќ,

заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за спорт, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за спорт, по скратена постапка, да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Кренар Лога, министер за правда и Викторија Авромовска Мадиќ, заменик министер за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлогот на закон за помилување, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Авромовска Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 59**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 60**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 61**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година.

**Точка 62**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година.

**Точка 63**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

**Точка 64**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествената одговорност за 2023 година.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со усвојување на Нацрт-инвестициски план за забрзана транзиција од јаглен за целите на користење на средства од Програмата за забрзување на транзицијата од јаглен поддржана од Климатскиот инвестициски фонд, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија, до крајот на јануари 2024 година да го достави до Владата Инвестицискиот план за забрзана транзиција од јаглен поддржан од Климатскиот инвестициски фонд.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик и Тендерската документација за избор на универзален снабдувач, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за избор на универзален снабдувач.

**Точка 67**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за контрола на индустриски емисии, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

Текстот на Предлогот на закон претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 68**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата.

**Точка 69**

Владата го разгледа Предлогот на закон за Канцеларија за поврат на имот (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за Канцеларија за поврат на имот (*) да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**